Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седумнаесеттата седница на Владата
на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2020 година

Скопје, март 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумнаесеттата седница на Владата**

**на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2020 година**

Седницата започна во 18:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија Горан

Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од состанокот на Координативното тело за прибирање и размена на информации за спроведување на мерките за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на коронавирус инфекцијата, одржан на 12 март 2020 година, со Листа на дијагнози на хронични состојби и Објаснување околу прогласувањето Пандемија од Светската здравствена организација

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги разгледа Записникот од состанокот на Координативното тело за прибирање и размена на информации за спроведување на мерките за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на коронавирус инфекцијата, одржан на 12 март 2020 година, со Листа на дијагнози на хронични состојби и Објаснување околу прогласувањето Пандемија од Светската здравствена организација и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, а со цел превенција и ширење на овој вирус, ги усвои следниве заклучоци, мерки и препораки:

1. Согласно утврдените категории на лица кои треба да бидат ослободени од работа и работни активности врз основа на приложена потврда од матичен лекар за следниве состојби: 1), Хронични респираторни заболувања; 2) Тешки кардиоваскуларни заболувања; 3) Дијабет - ТИП1; 4) Малигни заболувања; и 5) Имуно-компромитирачки состојби, ја прифати Листата на дијагнози на хронични состојби добиени во консултација со директорите на Клиниките за ендокринологија, пулмологија, кардиологија и нефрологија и тоа:

1.1. Хронични респираторни заболувања:
- ХОББ – Хронична опструктивна белодробна болест – J44
- Астма – J45
- Интестицијална фиброза – J84

1.2. Тешки кардиоваскуларни заболувања:
- Срцева слабост со EF<40
- Акутен миокарден инфаркт до 3 месеци
- Срцеви заболувања со тешка пулмонална хипертензија
- Тешка аортна и митрална стеноза
- Воспалителни заболувања на срце (миокардит, ендокардит) < 6 месеци
- Инплантиран пејсмејкер или срцев дивајс до 3 месеци
- Длабока венска тромбоза до 3 месеци

1.3. Дијабетес мелитус:
- Диајабетес тип I – инсулин зависен
- Диајабетес тип II на инсулинска терапија со коморбидитети: Миокарден инфаркт, церброваскуларен инсулт, стеноза на периферна циркулација и ХБИ

1.4. Сите малигни заболувања – C00-C97

1.5. Имунокомпромитирачки состојби:
- Состојба по трансплантација на бубрег - Z94.0
- Хроничен нефротичен синдром – N04.9
- Интермитентна хемодијализа – Z99.2
- Состојби со биолошка или комбинирана имуномодулирана терапија - M05, M06, M45.00
- Некротизирачки васкулопатии, системски еритематозен лупус, дерматополимиозит, системска склероза – M31 – M34.

2. Да се прекине со работа и да се затворат кината, театрите, игротеки и музеи и сите други институции каде што може да се одржуваат масовни собири, настани или концерти и други културно – информативни настани, односно целосна забрана за одржување и организирање на секаков вид на јавни приватни собири, без оглед на обемот и бројот на учесници за време на овој период.

3. Да се прекине со работа и да се затворат сите спортски објекти или вежбални, каде што може да се одржуваат секаков вид на собири и настани, без оглед на обемот и бројот на учесници за време на овој период.

4. Угостителските објекти, кафетерии, барови, ресторани, клубови, казина и спортските обложувалници да работат со скратено работно време, од 7.00 часот до 18.00 часот, со преполовен капацитет за гости, односно да се задржи минимум неопходно растојание од најмалку еден метар и половина до два метри помеѓу луѓето кои престојуваат во овие објекти.

5. Да се забрани влез на територија на Република Северна Македонија на странски државјани од земјите со висок ризик согласно Листата на Светска здравствена организација објавена на веб страницата на Министерството за здравство, освен оние кои ќе достават потврда издадена од надлежен орган за спроведен карантин.

6. Да се спроведуваат препораки за казнивост согласно член 205 и 206 од Кривичниот законик за сите физички и правни лица кои ги прекршуваат донесените решенија од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и истите да се процесуираат до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за да постапи согласно своите законски утврдени надлежности.

7. Имајќи предвид дека граничниот премин „Рибарци" во Република Србија од денес, 12 март 2020 година (четврток), од 7:00 часот, е затворен за премин за патници и возила согласно насоките од Владата на Република Србија, сите патници и возила од граничниот премин „Голема Црцорија" – Голеш (кривопаланечко) во Република Северна Македонија да се пренасочуваат на граничните премини кои се отворени за слободен проток на патници и возила.

8. Имајќи предвид дека граничниот премин Прохор Пчински од 12 март 2020 година (четврток) од 7:00 часот, е затворен за премин за патници и возила согласно насоките од Владата на Република Србија, сите патници и возила од граничниот премин Пелинце во Република Северна Македонија да се пренасочуваат на заедничкиот граничен премин со Република Србија. Табановце – Прешево.

9. За сите хронично болни пациенти чија хируршка интервенција претходно била закажана и постои можност, да се одложи, односно да се извршуваат само итни неодложни хируршки интервенции, особено онколошките.

10. Во однос на продолжување на терапијата на хронично болните пациенти кои до сега требало да одат на лекар специјалист, во следните денови да се обратат кај своите матични лекари.
Ова мерка не важи за ново дијагностицираните пациенти.

11. Во однос на новонастанатата ситуација и локалната трансмисија со ширењето на болеста КОВИД - 19 на територијата на општините Дебар и Центар Жупа, се задолжува Министерството за здравство, во соработка со центрите за јавно здравје, да преземе дополнителни мерки за заштита од ширење на овој вирус, односно да се мобилизираат медицинските екипи со епидемиолог од Охрид и еден инфектолог или доктор (или инфектологот кој е во работен однос во бањите „Цапа" да се стави во служба и за потребите на центрите за јавно здравје).

За овие мерки да се достави извештај до крајот на денешниот ден, со цел Министерството за здравство да објави превентивно соопштение на територијата на општините Дебар и Центар Жупа, за можноста од воведување на карантин.

12. Да се прекине специјализацијата на сите државни специјализанти и супспецијализанти вработени во Здравствен Дом „Скопје", во период од 14 дена и истите да се вратат на своите работни места во матичната установа.

13. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со јавните здравствени установи, веднаш да го зголеми капацитетот за потребите на службата за Домашна посета и во истата да се вклучат докторите по општа пракса кои работат под менторство.

14. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за здравство и со телефонските и мобилните оператори, да ја разгледаат можноста за испраќање на циркуларна порака преку мобилните апликации (смс-порака, вибер-порака и сл.), со препораки особено до помладата популација, за почитување на заклучоците, мерките и препораките во врска со превенција и ширење на болеста КОВИД – 19.
За оваа намена, да се разгледа можноста да се искористи постојната мобилна апликација МОЈ ДДВ.

15. Се задолжуваат АД „М-НАВ“ Скопје и Министерството за здравство да ги преземат следните активности за информирање на учесниците во авиосообраќајот, за мерките и активностите за превенција од ширење на болеста КОВИД – 19 (корона вирус):

15.1. Се задолжува АД „М-НАВ“ Скопје да ги издаде следните НОТАМ пораки:

- NOTAM 1 – Авиокомпаниите, преку својот персонал - екипаж се должни за време на своите летови да ги соберат PLF (Passenger Locator Form) обрасците од патниците, да ги разгледаат и да ги предадат на нивниот агент по пристигнувањето во Република Северна Македонија.

Овластениот агент од авиокомпанијата, е должен PLF (Passenger Locator Form) обрасците од патниците, да ги достави до Служба за итна медицинска помош на воздухопловно пристаниште „ТАВ“, ДООЕЛ, Македонија – Меѓународен Аеродром „Скопје“ и до медицинска служба на Аеродром „Св. Апостол Павле“ - Охрид, задолжени за следење на мерките и активностите за превенција од ширење на болеста КОВИД - 19 (корона вирус).

Сите патници, членови на екипажот и оперативен персонал при пристигнувањето со авион во Република Северна Македонија мора да го пополнат PFL образецот.

Сите PFL обрасци мора да бидат собрани од екипажот, проверени и преброени и да се предадат на агентот веднаш по слетувањето.

- NOTAM 2 – Авиокомпаниите, по претходно добиени информации од надлежните служби од Република Северна Македонија, задолжени за следење на мерките и активностите за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус), се должни пред да полетаат, да ги известат патниците за мерките на претпазливост кои се на сила при влегувањето во Република Северна Македонија, во согласност со моменталната состојба и со преземените мерки и активностите за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус), предложени од Министерство за здравство.

- сите авиокомпании коишто пристигаат во Република Северна Македонија, да ги информираат нивните патници, пред влезот во воздухопловот, за следното:

а) сите странски државјани кои влегуваат во Република Северна Македонија, а кои во последните 14 дена ги посетиле следните земји/територии:
(листа на земји за кои ќе важи преземената мерка – листата ќе се обновува на дневна основа и истата до АД „М-НАВ“ Скопје (отсек Нотам) ќе ја доставува Министерството за здравство, на e-mail адреса: notam@mnavigation.mk),
ќе бидат предмет на задолжителна 14 дневна самоизолација.

б) сите странски државјани кои немаат уреден престој во Република Северна Македонија, мора да поседуваат доказ за резервирано сместување.
Оваа обврска ќе биде предмет на модификација во зависност од понатамошниот развој на состојбата.

в) сите државјани на Република Северна Македонија, а кои во последните 14 дена ги посетиле следните земји/територии:

(листа на земји за кои ќе важи преземената мерка – листата ќе се обновува на дневна основа и истата до АД „М-НАВ“ Скопје (отсек Нотам) ќе ја доставува Министерството за здравство, на e-mail адреса: notam@mnavigation.mk), ќе бидат предмет на задолжителна 14-дневна самоизолација.

Овој 14-дневен период ќе се смета од последниот ден на престој во земата/територијата во ризик, согласно листата на земји на Светската здравствена организација.

16. Се задолжува Министерството за здравство, редовно, на дневна основа, да доставува листа на земји за кои ќе важат мерките и активностите за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус) до АД „М-НАВ“, Скопје.

17. Се задолжува Министерството за здравство веднаш да ја информира Агенција за цивилно воздухопловство за овие заклучоци, мерки и препораки на Владата.

18. Се препорачува на ЈП „Македонска радио телевизија“, редовно, на дневна основа да одвои простор за воспитно – образовна програма наменета за деца од предучилишна возраст и ученици од основно образование која ќе биде изготвена од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, во соработка со воспитно образовниот кадар од детските градинки и училиштата, Министерството за труд и социјална политика, UNICEF и сите релевантни образовни институции.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука - Бирото за развој на образованието, во најкраток можен рок да подготви интервентна воспитно – образована програма на јазиците опфатени во образованиот процес и истата во соработка со ЈП „Македонска радио телевизија“ да ја емитува на дневна основа.

Исто така, се задолжува Министерството за образование и наука едукативните материјали да ги споделува и на сите социјални мрежи и канали.

19. Да се упати апел до државјаните на нашата земја кои живеат во земјите со висок и среден ризик да го одложат доаѓањето во земјата во овој период.

20. Се задолжуваат сите министерства да формираат свои тимови, да наменат посебна електронска пошта и телефонска линија на која ќе се даваат информации во однос на административните прашања во врска со спроведување на препораките и мерките за справување со коронавирусот КОВИД - 19 и податоците од формираниот тим и контакт податоците да ги достават до Секторот за односи со јавноста на Владата кои истите ќе ги објави на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија.

21. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политики, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската управа, да номинираат лица за контакт со стопанските комори (за комуникација со реалниот сектор) и кои да бидат доставени до стопанските комори, со цел на редовна основа да ги добиваат заклучоците од седниците на Владата и навремено да одговараат на поставените прашања во врска со спроведување на препораките и мерките за справување со коронавирусот КОВИД - 19.

22. Сите заклучоци, мерки и препораки усвоени од Владата на Република Северна Македонија да се достават до сите министерства, со цел објавување на истите на нивните веб – страници.

23. Се задолжува Министерството за здравство, сите материјали поврзани со спречување на ширење на коронавирусот КОВИД -19, да ги преведе и на албански јазик.

24. Се задолжува Министерството за надворешни работи, преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, да ги информира нашите државјани во странство за земјите со висок ризик, согласно Листата на Светската здравствена организација.

25. Го разгледа Барањето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за реализација на Проектот „Бањско - климатска рекреација за 2020 година“ и заклучи реализацијата и спроведувањето на првата група од Проектот да се одложи.

26. Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија овие заклучоци, мерки и препораки веднаш да ги објави на веб страницата на Владата и истите да ги достави до сите пишани и електронски медиуми, со цел редовно информирање на граѓаните.

Имајќи го предвид претходно наведеното, заради наредување мерки за спречување на внесување и ширење и можноста од заразување од коронавирус КОВИД - 19, а со цел обезбедување заштита на здравјето на населението на територијата на Република Северна Македонија, Владата донесе Одлука.

27. Да се спроведуваат препораки за казнивост согласно член 205 и 206 од Кривичниот законик за сите физички и правни лица кои ги прекршуваат донесените решенија од страна на Државниот инспекторат за труд и Државниот пазарен инспекторат и истите да се процесуираат до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за да постапи согласно своите законски утврдени надлежности.

Воедно се задолжуваат Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд да ги преземат сите мерки и активности од своја надлежност за спроведување и операционализирање на сите мерки, препораки и насоки усвоени од Владата во врска со спречувањето на ширењето на корона вирусот КОВИД - 19.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*
*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |